Врз основа на член 65 став(6) од Законот за животна средина (Сл. Весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15 и 39/16), општина Гевгелија, на ден 10.10.2018 година, донесе

Одлука за Неспроведување на стратегиска оцена

**1.** За планскиот документ УП за село Милетково, општина Гевгелија, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање, не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животна средина.

**2.** Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на општина Гевгелија, www.gevgelija.gov.mk

**3.** Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена и формуларите за потребата од спроведување, односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ УП за село Милетково, општина Гевгелија, нема да има негативно влијание врз животната средина од следните причиниОд истражувањето на постојната состојба и увидот на терен, констатирано е дека 50.13 % е градежно изградено земјиште, додека останатиот дел од планскиот опфат го сочинуваат комунална инфраструктура и неизградено земјиште. Покрај објекти за домување, во рамки на селото има реализирано и објекти за задоволување на основните потреби на населението, како што се основно училиште, продавници, верски објект - црква, гробишта, простор за спорт и рекреација. Во однос на катноста, објектите се претежно приземни, а највисоките се до П+2+Пк (приземје, два ката и поткровје).

**4.** Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр:11-2/9
Датум:10.10.2018
Место: општина Гевгелија

Градоначалник
на општина Гевгелија
**м-р. Сашо Поцков**